**МЛАДИ ТВОРЦИ** ВО ФОКУСОТ

**ТИХОМИР ТОПУЗОВСКИ - ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА „ЉУБОМИР БЕЛОГАСКИ“**

# Уметник кој ги спојува убавото и мисловното



> *„Низ мојата лична призма, филозофијата и уметноста не ги гледам како две сепарирани, автономни области, туку како еден убав спој, вкрстување, едноставно барам некој израз со кој ќе ги инволвирам и двете во себе и тој ќе стане референтен и за едната и за другата област, вели Тихомир Топузовски“, добитник на наградата „Љубомир Белогаски“*

Тихомир Топузовски е роден во 1978 година во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност, отсек сликарство, во класата на Душан Перчинков. Во моментов е преокупиран со завршувањето на магистарскиот труд на истиот факултет, под менторство на Јован Шумковски. Истовремено е апсолвент на Филозофскиот факултет, на Институтот за филозофија. За сликарство се определил многу одамна, кога за првпат дошол во непосреден контакт со ликовниот материјал, без некоја претходна мотивираност од страна на родители или фамилијарна застапеност на ликовната уметност. Подоцна, самото препознавање дека може да репродуцира определени форми и талентот што го поседувал го диктирале неговиот понатамошн развој. Негова прва самостојна изложба беше изложбата „Небулози“, учествувал на Биеналето на млади уметници, застапувал повеќе студентски изложби надвор од Македонија, редовно земал учество на изложбите што се случувале во рамките на Факултетот. Негови идни планови се финализација на магистерскиот труд и реализирање на втор самостоен проект.

Повод за нашата средба беше доделувањето на наградата „Љубомир Белогаски“, која се доделува секоја година на млад автор, за успешно остварување на самостојна изложба, која била презентирана во Музејот на град Скопје. Оваа награда на Тихомир му беше доделена за неговиот прв самостоен проект со наслов „Небулози“, изведен во април, 2004 година.

**Ш***то претставува за тебе, како млад автор добивањето на оваа престижна награда и дали е еден вид мотивација во понатамошното твое творештво?*

**Н**аградата што ја добив за проектот „Небулози“ претставува едно големо задоволство и гордост за мене. Честопати, во дадени моменти размислувајќи за самиот проект и за околностите во кои се одвиваше, изгледаше како недостоен за неговото име, но она што ја кристализираше оваа ситуација е токму оваа награда и сметам дека целокупниот ефект на изложбата се фокусира на оваа награда, што самото по себе е голем мотив за понатаму.



**Ш***то, всушност, претставува проектот „Небулози“?*

**П**роектот се состоеше од 14 објекти, комори во плексиглас, а во секоја од нив се инволвира определена предметна содржина и во зависност од вметнатата содржина коморите се распределуваат во три низи. Функцијата на предметите внатре во нив е да ја застапуваат целокупната стварност, значи секој од нив да има определен знаковна вредност. Вториот технички момент, кој беше клучен, е чадот, што го користам во коморите како еден вид медиум, што по служи за анулирање на предметите внатре во комориte, на тој начин тој ги супституира и по некое извесно време единствено оптички видлив останува чадот во тие комори и самото анулирање на предметот како феномен во комората, се имплицира и анулирањето на неговото значење, односно неговата функција. Фокусот на целокупниот проект беше некои по конвенција определени значења кои во стварноста се нејасни, нестабилни состојби. Токму тоа е чадот, во една метафорична смисла, преку кој може да се увиди оваа состојба, односно тој ја претставува оваа нестабилна состојба.

**И***маш дипломирано на ФЛУ, а апсолвент си на Филозофскиот факултет. Каде го најде спојот меѓу овие две дисциплини и каде се најде себеси повеќе, во уметноста или во филозофијата?*

**И** двете дисциплини имаат допирни точки, затоа што ликовната уметност е област каде авторот рефлектира определени состојби, а подоцна ги артикулира преку некоја ликовна форма. Исто така се знае дека Факултетот за филозофија има дисциплина врвна естетика, која се занимава со анализа на убавото, што уште еднаш го потврдува фактот дека овие две дејности имаат заеднички елементи. Низ мојата лична призма, не ги гледам како две сепарирани, автономни области, туку како еден убав спој, вкрстување, едноставно барам некој израз со кој ќе ги инволвирам и двете во себе и тој ќе стане референтен и за едната и за другата област.



**З***ошто одлучи на овој начин да се претставиш на ликовната сцена, односно со инсталации, ако се земе предвид дека си дипломирал на отсекот сликарство?*

**Р**аботев на овој проект кој е од поинаква природа, значи се работеше на ликовни објекти, во еден медиум кој е востановен во ликовната практика, оваа замисла најдобро може да се итерпретира во ваков начин на постава, што не значи дека во некои наредни мои ангажмани сликарството ќе биде исклучено како медиум. Во овој контекст можам да го спомена магистерскиот труд кој подоцна ќе се презентира во некој самостоен проект, а во кој исто го обработувам проблемот на знакот.

Најчесто се случува во зависност од определени идеи да пронаоѓам определени медиуми, кои сметам дека се најадекватни во нив да бидат реализирани.



**Д***али некои од големите светски или домашни имиња ти служеа за пример кога работеше на твојот проект?*

**Г**олемо влијание изврши целокупната концептуална уметност, кога влијаеше дадаизмот, а посебно Марсел Дишан, кој го обработува проблемот на заменување на морфологијата на предметот со функцијата. Доколку еден предмет би се ставил во музејски простор, тој ја губи својата функција. Тука може да се најде една релација на она што јас го инсталирав во самите комори, а тоа беа предмети кои ставени во тие комори го изгубија своето значење.

**К***олку е лесно или тешко денес еден млад автор да се промовира на македонската ликовна сцена?*

**Е**ден автор за да се презентира себеси, за да поставува некои проекти кои ќе зборуваат за него е многу тешко, посебно за ваков тип на проекти кои немаат конвенционална природа кои може да ги согледаме од друг аспект на нештата, но секако желбата и решеноста да се најде некој свој израз, да се огласи дел од самиот автор е примарниот мотив и мотивот што го обликува неговото ангажирање. Сè друго се занемарува.

АЛЕКСАНДРА М. **СЕВЕР**